МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД
Бр. 02-2104/4
13.04 20 16 год.
Прилеп

**МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД ПРИЛЕП**
**Прилеп, 13.04.2016**

Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Собранието на акционери на седницата одржана на 13 април 2016 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## За избор на членови на Одборот на Директори

**Член 1**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го избира **Г-дин Периклис Николау,** државјанин на Република Грција, роден на 16.08.1965 година во Атина, Република Грција, со број на пасош AI4520207, за член на Одборот на директори кој ќе ја врши функцијата Извршен Директор на Одборот на Директори на друштвото.

**Член 2**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го избира **Г-дин Георгиос Колиастасис,** државјанин на Република Грција, роден на 11.08.1967 година во Патра, Република Грција, со број на пасош AI2241155, за неизвршен член на Одборот на Директори на друштвото.

Во исто време Собранието го назначува **Г-дин Георгиос Колиастасис** и за независен член на Одборот на Директори.

Членот на одборот на директори од став 1 од овој член има право на надоместок најмногу до нето износ од 6.000 EUR годишно.

**Член 3**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го отповикува **Г-дин Георги Димитров** од Скопје – неизвршен член на Одборот на Директори на Друштвото од функцијата член на одбор на Директори.

Со отповикувањето на **Г-дин Георги Димитров** од функцијата член на одборот на Директори на компанијата, неговата функција како неизвршен и член на Одборот на Директори на Компанијата престанува.

**Член 4**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го отповикува **Г-дин Теодорос Малфас**, од Лефкада, Република Грција, од функцијата Главен Извршен Директор на Одборот на Директори на друштвото, кој ќе продолжи да ја извршува функцијата на член на Одборот на директори како неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото.

**Член 5**

Собранието на акционери на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп го избира **Г-дин Греам Томас** државјанин на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, роден на 22.06.1967 година во Кејптаун, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, со број на пасош 099081054 за неизвршен член на Одборот на Директори на друштвото.

[1] 02-2104/4 [2016]

**Член 6**

Се задолжува Одборот на директори на наредната седница на Одборот на директори од своите редови да назначи нов Главен Извршен директор.

**Член 7**

Пријава за упис на промените во Одборот на директори во трговскиот регистар поднесува Извршниот директор на Друштвото.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува со сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собранието**

Акционерско друштво за производство, монтажа на украсен камен, трговија и ... МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп

____________________